# МОНЕТИ И МЕДАЛЈОНИ СО ЛИКОТ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

*Иван Нацевски*

Македонско грбословно друштво,
Потпретседател и хералд вардарски
https://orcid.org/0000-0002-7169-6039



УДК 929.652 Делчев, Г.
https://doi.org/10.47763/mher2218063n

Рецензирана статија




## АПСТРАКТ

Нумизматика е наука што се занимава со проучување, собирање и зачувување на валути во смисла на монети и книжни пари. Од својата појава во VII век пр. н.е па до денес монетите, кованици, претставувале исклучително важно средство во создавањето и обликувањето на иконаграфијата и симболиката на дадено општество. Може да се каже дека издавањето ковани пари со цел да се одбележи пригода или настан е феномен стар колку и самите кованици. Цел на овој напис е да се разгледа досегашната пракса на Народната банка на Република Македонија во издавањето пригодни и колекционерски ковани пари со посебен осврт на парите и другите нумизматички предмети кои го носат ликот на Гоце Делчев. Во 1978 година по повод 75 годишнината од Илинденското востание и 75 годишнината од неговото загинување издадени се два златни и еден сребрен медалјон со неговиот лик. Истотака, НБРМ издала златна пригодна кованица со негов лик по повод 100 години Илинден во 2003 година. Ќе бидат разгледани и паранумизматички предмети од други организации. Во правец на негово создавање влијаеа и настани од особено значење за Македонија, но и одредени нумизматички случувања во регионот.

**Клучни зборови**: Монети, медалјони, нумизматика, ковани пари.

# COINS AND MEDALLIONS WITH THE IMAGE OF GOCE DELCHEV

*Ivan Nacevski*

Macedonian Heraldic Society,
Vice President and Vardar Herald
https://orcid.org/0000-0002-7169-6039

UDC 929.652 Delchev, G.
https://doi.org/10.47763/mher2218063n

Peer-reviewed article

## ABSTRACT

Numismatics is the science of studying, collecting, and preserving currencies in terms of coins and banknotes. From their appearance in the VII century BC until today, coins are an extremely important tool in the creation and shaping of the iconography and symbolism of a society. It may be said that issuing coins, in order to mark an occasion or event, is a phenomenon as old as the coins themselves. The purpose of this article is to review the current practice of the National Bank of the Republic of Macedonia in issuing appropriate collector coins, with special reference to money and other numismatic objects that bear the image of the Macedonian revolutionary Goce Delchev. In 1978, on the occasion of the 75th anniversary of the Ilinden Uprising and the 75th anniversary of his demise, two gold and one silver medallion with his image were issued. Also the National Bank of the Republic of Macedonia issued in 2003, on the occasion of 100 years of Ilinden, a gold coin with his image. Paranumismatical objects from other organizations will also be considered. Events of special importance for Macedonia, as well as certain numismatic events in the region, also influenced the direction of this article.

**Keywords**: Coins, Medallions, numismatics, collectros coins.

Нумизматика е наука што се занимава со проучување, собирање и зачувување на валути во смисла на монети, токени и книжни пари (Sayles, Wayne 2009). Од својата појава во VII век пр. н.е (Allan, 2019), па до денес монетите, ковaници, претставувале исклучително важно средство во создавањето и обликувањето на иконографијата и симболиката на дадено општество (сл. 1). Преку нив се означувало владеењето на владетелите и се предавале нивните идеи, заложби и стремежи. Воедно, се обликувал заеднички економски, а со тоа и социокултуролошки простор. Монетите своето име го добиле по римската божица Јунона, која била означувана со епитетот moneta, придавка од глаголот moneo, monere со значење опоменувам. Главната римска ковачница ќе биде сместена на ридот Капитол во непосредна близина на храмот на оваа божица (ibid).


Сл./Fig. 1

Може да се каже дека издавањето ковани пари со цел да се одбележи пригода или настан е феномен стар колку и самите кованици. Во таа смисла издавањето пригодни кованици  продолжува да биде својствено и денес скоро за сите современи држави. Во денешни услови со ваквата практика се цели да се остави историска трага за значењето на определен настан, а воедно да се создаде свест за важноста на неговото колективно сеќавање и празнување.

Македонија се наоѓа во центарот на европската цивилизација од нејзините најрани почетоци. Затоа, не е за изненадување што во Македонија се најдени и се наоѓаат големи количества кованици од сите епохи на историјата. Ова е сосема основана причина за постоењето на Музејот на Народната банка, чија нумизматичка збирка брои над 22.000 примероци. Најстара монета во збирката е еден триобол на пајонското племе Дерони, искован на преминот од VI во V век пр. н.е. (Павловска 2008, 47) (сл. 2) Во Македонија неколку автори пишувале на нумизматичка тема. Тука пред сè треба да се споменат Христовска (Hristovska 2012), Шелдаров (Šeldarov 2003), Павловска, Хаџи-Манева, Христовска (Павловска, Хаџи-Манева, Христовска 2012), и др. Сепак, потребно е будење интерес кон македонската нумизматика и воопшто за важноста на парите во создавањето слика и имиџ на


Сл./Fig. 2

Numismatics is the science of studying, collecting, and preserving currencies in coins, tokens, and banknotes (Sayles, Wayne 2009). From their appearance in the VII century BC (Allan, 2019), until today, coins, have been an extremely important tool in creating and shaping the iconography and symbolism of a society (Fig. 1). They marked the rule of the rulers and conveyed their ideas, commitments and aspirations. At the same time, a common economic and thus socio-cultural space was being formed. The coins got their name from the Roman goddess Juno, which was marked with the epithet moneta, an adjective from the verb *moneo, monere* meaning warn. The main Roman mint was located on the Capitol Hill near the temple of this goddess (ibid).

It may be said that issuing coins, in order to mark an occasion or event, is a phenomenon as old as the coins themselves. In that sense, the issuance of coinage continues to be typical today for almost all modern countries. In today's conditions, this practice aims to leave a historical trace of the significance of a particular event, and also to create awareness of the importance of its collective remembrance and celebration.

Macedonia has been at the center of European civilization since its earliest beginnings. Therefore, it is not surprising that large quantities of coins from all epochs of history have been found in Macedonia. This is one of the reasons for the existence of the National Bank Museum, whose numismatic collection holds over 22,000 coins. The oldest coin in the collection is a triobol of the Paeonian tribe Deroni, minted at the turn of VI to V century BC. AD (Павловска 2008, 47) (Fig. 2) Several authors have written on the topic of numismatics in Macedonia. First of all we mention: Hristovska (Hristovska 2012), Sheldarov N. (Šeldarov 2003), Pavlovska E., Hadzi-Maneva M., Hristovska E (Павловска, Хаџи-Манева, Христовска 2012), and others. However, it is still necessary to arouse interest in Macedonian

државата.

Цел на овој напис е да се разгледа досегашната практика на Народната банка на Република Македонија (НБРМ) во издавањето пригодни и колекционерски ковани пари со посебен осврт на парите и другите нумизматички предмети кои го носат ликот на Гоце Делчев. Ќе бидат разгледани и паранумизматички предмети од други организации. Во правец на создавање на овој текст влијаеа и настани од особено значење за Македонија, но и одредени нумизматички случувања во регионот.

## ПРИГОДНИ КОВАНИ ПАРИ НА НБРМ

Во Македонија практиката за издавање пригодни кованици постои и веќе во неколку наврати е регулирана со закон. Во југословенско време се донесени една одлука во 1977 година и закон во 1980 година. Во 1985 година овој закон е изменет и дополнет. По прогласување независност и формирањето на Народната банка на Република Македонија со член 42 од Закон за НБРМ таа има надлежност да издава пригодни кованици (Службен 158/10 ). Во 1995 година е донесен нов закон за пригодни ковани пари, кој ќе биде менуван и надополнуван двапати, во 2004 и 2014 година. Така, според закон, Народна банка издава пригодни ковани пари по повод политички, историски, научни, културни, спортски или хуманитарни настани, кои се од општ интерес за Република Македонија или се од меѓународно значење (Службен 11/95). Кои настани ќе бидат одбележани со пригодни кованици одредува Владата на Република Македонија. Дополнително, Владата до 30 јуни од тековната година ги определува настаните по повод кои се издаваат пригодни кованици за наредната година (ibid). Во однос на материјалот пригодните кованици може да се изработат од злато и сребро, како и од метали од кои се изработуваат кованите пари што се во оптек (ibid). Изборот на металот за секоја поединечна кованица повторно го прави Владата (ibid). Висината на емисијата, апоенскиот состав, основните обележја и дизајнот на пригодните ковани пари ги определува Владата, по предлог на Народната банка (ibid).

Според Одлуката за утврдување на начинот на пресметка на продажната цена на пригодните ковани пари од 3.2.2011 година (Службен 14/11), досега НБРМ издала 21 пригодна кованица, како што следуваат:

1. „Златен денар“ златник, 1996 год.

numismatics and in general for the importance of money in creating the image and image of the state.

The purpose of this article is to review the current practice of the National Bank of the Republic of Macedonia (NBRM) in issuing appropriate and collector coins with special reference to money and other numismatic objects that bear the image of the national hero Goce Delchev[1]. Paranumismatic objects from other organizations will also be considered. Certain numismatic events in the region were also considered.

## JUBILEE COINS OF NBRM

In Macedonia, the practice of issuing jubilee coins exists and has been regulated by law on several occasions. In Yugoslav times in 1977 a Bill was issued and in 1980 a law was passed on the matter. In 1985 this law was amended. After the declaration of independence and the establishment of the National Bank of the Republic of Macedonia (NBRM) with Article 42 of the Law on the NBRM, the Bank has had the authority to issue jubilee coins (Службен 158/10). In 1995, a new law on jubilee coins was passed, which was amended twice, in 2004 and in 2014. Thus, according to the law, the NBRM issues jubilee coins on the occasion of political, historical, scientific, cultural, sports or humanitarian events, which are of general interest for the Republic of Macedonia or are of international importance (Службен 11/95). The Government of the Republic of Macedonia determines which events will be marked with jubilee coins. Additionally, the Government, by June 30, determines the events on the occasion of which jubilee coins are to be issued for the next year (ibid). In terms of material, jubilee coins can be made of gold and silver, as well as metals from which coins in circulation are made (ibid). The choice of metal for each individual coin is again made by the Government (ibid). The number of coins, their face value, the design of the jubilee coins is to be determined by the Government, upon a proposal of the National Bank (ibid).

According to the Bill on determining the manner of calculation of the sale price of the appropriate coins from 3.2.2011 (Службен14/11), so far, the NBRM has issued 21 coins, as follows:

1. "Golden Denar" gold coin, 1996
2. "30 years of the autocephaly of the Macedonian Orthodox Church" gold coin, 1997
3. "50 years of the exodus of refugee children from the Aegean part of Macedonia" gold coin,

2.„30 години од автокефалноста на Македонската православна црква“ златник, 1997 год.
3.„50 години од егзодусот на децата-бегалци од егејскиот дел на Македонија“ златник, 1998 год.
4.„50 години од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ златник, 1999 год.
5.„50 години од Економскиот факултет - Скопје“ златник 2000 год.
6.„2000 години од христијанството“ златник, 2000 год.
7.„2000 години од христијанството“ сребреник, 2000 год.
8.„10 години од осамостојувањето на Република Македонија“ златник, 2001 год.
9.„100 години од Илинденското востание“ златник, 2003 год.
10. „100 години од Илинденското востание“ сребреник, 2003 год.
11. „Златник со ликот на Никола Карев“ 2003 год.
12. „Златник со ликот на Гоце Делчев“, 2003 год.
13. „Златник со ликот на Питу Гули“, 2003 год.
14. „Златник со ликот на Даме Груев“, 2003 год.
15. „Златник со ликот на Јане Сандански“, 2003 год.
16. „Златник со ликот на Крсте П. Мисирков“, 2003 год.
17. „Златник со ликот на Ѓорче Петров“, 2003 год.
18. „Златник со ликот на Методија А. Ченто“, 2003 год.
19. „Златник со ликот на Михаил Апостолски“, 2003 год.
20. „Златник со ликот на Блаже Конески“, 2003 год.
21. „60 години од АСНОМ“, 2004 год.

Како и пет комплети:
1.Комплет „2000 години од христијанството“, 2000 год.
2.Комплет со банкноти „2000 години од христијанството“, 2000 год.
3.Комплет бр. 1 „100 години од Илинденското востание“, 2003 год.
4.Комплет бр. 2 „100 години од Илинденското востание“, 2003 год.
5.Комплет бр. 3 „100 години од Илинденското востание“, 2003 год.

Вон оваа одлука НБРМ издала уште три монети, и тоа:

1998
4. “50 years of the University” St. Cyril and Methodius” gold coin, 1999
5. “50 years of the Faculty of Economics - Skopje” gold coin, 2000
6. “2000 years of Christianity” gold coin, 2000
7. “2000 years of Christianity” silver coin, 2000
8. “10 years of the independence of the Republic of Macedonia” gold coin, 2001
9. “100 years of the Ilinden Uprising” gold coin, 2003
10. “100 years of the Ilinden Uprising” silver coin, 2003
11. “Gold coin with the image of Nikola Karev”, 2003
12. “Gold coin with the image of Goce Delchev”, 2003
13. “Gold coin with the image of Pitu Guli”, 2003
14. “Gold coin with the image of Dame Gruev”, 2003
15. “Gold coin with the image of Jane Sandanski”, 2003
16. “Gold coin with the image of Krste P. Misirkov “since 2003
17. “Gold coin with the image of Gjorce Petrov”, 2003
18. “Gold coin with the image of Metodija A. Chento “, 2003
19. “Gold coin with the image of Mihail Apostolski”, 2003
20. “Gold coin with the image of Blazhe Koneski”, 2003
21. “60 years of ASNOM”, 2004

As well as five sets:
1. “2000 years of Christianity” set, 2000
2. “2000 years of Christianity” set, 2000
3. Set no. 1 “100 years since the Ilinden Uprising”, 2003
4. Set no. 2 “100 years since the Ilinden Uprising”, 2003
5. Set no. 3 “100 years since the Ilinden Uprising”, 2003

Outside this bill, the NBRM issued three more coins, as follows:
1. “5 years since the independence of the Republic of Macedonia” gold coin, 1996
2. “Cherry wooden gun” gold coin, 2003
1. “Cherry wooden gun” silver coin, 2003

As mentioned, this article will not go into the description of each coin individually. This requires extensive and independent research, which will remain for some future occasion. Here, attention

1. „5 години од осамостојувањето на Република Македонија“ златник, 1996 год.
2. „Цврешово топче“ златник, 2003 год.
3. „Цврешово топче“ сребреник, 2003 год.

Како што беше напоменато, оваа статија нема да навлегува во индивидуален опис на секоја кованица поединечно. За тоа е потребно опсежно и самостојно истражување, кое ќе остане за некоја наредна пригода. Овде ќе биде обрнато внимание на ликот на Гоце Делчев. Така, она што станува јасно од важечкиот закон е дека Владата е таа што треба да определи дали и кои настани ќе бидат одбележани со издавање кованици, а НБРМ е должна да ја реализира одлуката на Владата. Од досега издадените кованици пак, станува јасно дека последен пат во 2004 година некоја влада сметала дека е сходно да се коваат пригодни пари, а по повод 60 години од АСНОМ. Од истата листа станува јасно дека ниедна влада не сметала дека треба да издаде кованици по повод 15, 20, 25 и 30 години независност, иако се издало таква за 5- и 10-годишнината. Нема кованица ниту за 75 години АСНОМ во 2019 година. Токму затоа, воопшто не изненадува што нема пригодна кованица по повод 100 години од раѓањето на Блаже Конески во 2021 година, но и по повод 150 години од раѓањето на сеопфатната величина на македонскиот дух - Гоце Делчев, во оваа 2022 година и покрај тоа што таква практика поврзана со ликот и делото на најголемите двајца Македонци веќе постои (сл. 3 и 4).



Сл./Fig. 3



Сл./Fig. 4

## КОВАНИ ПАРИ ЗА КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ЦЕЛИ

Според член 42-а од Законот за НБРМ (Службен 123/12), покрај издавањето пригодни кованици, Народната банка може да издава ковани пари за колекционерски цели. За разлика од пригодите каде што дејствувањето на НБРМ е ограничено од желбите и сфаќањата на Владата, според став 2 на истиот член од овој закон, Советот на Народната банка ги пропишува начинот и постапката за издавање и формата и содржината на кованите пари од ставот (1) на овој член, како и располагањето со нив. Ова практично значи дека НБРМ е сосема независна при издавање колекционерски кованици. Ова е јасно видливо и од преземените дејства на НБРМ во тој правец. Така, од 2014 година, кога

will be paid to the image of Goce Delchev. Thus, what becomes clear from the current law is that the Government is the one that should determine which events will be marked by issuing jubilee coins, and the NBRM is obliged to implement the decision of the Government. The last time a government considered it necessary to mint jubilee coins, was on the occasion of 60 years of ASNOM[2] in 2004. From the same list it is clear that no government considered that it should issue coins on the occasion of 15, 20, 25 and 30 years of independence, although a jubilee coin was issued for the 5th and 10th anniversaries. There is no coin for 75 years of ASNOM in 2019. Therefore, it is not at all surprising that there is no jubilee coin on the occasion of 100 years since the birth of Blazhe Koneski[3] in 2021, but also none on the occasion of 150 years since the birth of the idol of Macedonian spirit - Goce Delchev, in 2022, although a practice related to the image and work of the two greatest Macedonians already exists (Figs. 3 and 4).

## COINS FOR COLLECTING PURPOSES

According to Article 42-a of the Law on the NBRM (Службен123/12), in addition to issuing jubilee coins, the National Bank may issue coins for collection purposes. Unlike as in the cases of the jubilees where the NBRM’s activity is limited to decision of the Government, according to paragraph 2 of the same article of this Law, the National Bank Council shall prescribe the manner and procedure for issuance and the form and content of the coins referred to in paragraph (1) of this article, as well as their disposal. This practically means that NBRM is completely independent in issuing collector coins. This is clearly visible from the actions taken by NBRM in that direction. Thus, from 2014, when the amendment to the law that allows such issuance

е донесена измената на закон со кој се дозволува вакво издавање, па до денес се издадени 54 кованици за колекционерски цели. Во продолжение е дадена листата на кованиците како што може да се најде на официјалната мрежна страница на НБРМ, и тоа кована пара за колекционерски цели:

1. „Среќен роденден“, 2019 год.
2. „Вештачка интелигенција“, 2019 год.
3. „Деловен успех и среќа“, 2019 год.
4. „Стрелец“, 2018 год.
5. „Скорпија“, 2018 год.
6. „Вага“, 2018 год.
7. „Св. Пантелејмон“, 2018 год.
8. „Св. Сергиј Радонежски“, 2018 год.
9. „Св. Серафим Саровски“, 2018 год.
10. „Св. Никола Чудотворец“, 2018 год.
11. „Девица“, 2018 год.
12. „Лав“, 2018 год.
13. „Рак“, 2018 год.
14. „Близнаци“, 2018 год.
15. „Бик“, 2018 год.
16. „Овен“, 2018 год.
17. „Риби“ 2018 год.
18. „Водолија“ 2018 год.
19. „Јарец“, 2018 год.
20. „Тркало на среќата“, 2018 год.
21. „Вера, Надеж, Љубов и мајка им Софија“ од 2017 год.
22. „50 години од Македонската академија на науките и уметностите“ од 2017 год.
23. „Руски лавиринт“ од год.
24. „Година на кучето – богата година на кучето“ од 2018 год.
25. „Година на кучето – безбедна година на кучето“ од год.
26. Комплет: „ТРИПТИХ“ од 2017 год.
27. „СВЕТА МАТРОНА МОСКОВСКА“ од 2017 год.
28. „МАЈКА ТЕРЕЗА“ од 2016 год.
29. „ПЕТЕЛ СО АНГЕЛ“ од 2017 год.
30. „ВЕТРОКАЗ СО ПЕТЕЛ“ од 2017 год.
31. „СВЕТИ НИКОЛА ЧУДОТВОРЕЦ“, 2016 год.
32. „ВЛАДИМИРСКА“ од 2016 год.
33. „ЕЛЕНА“ од 2015 год.
34. „ДИМИТАР“ од 2015 год.
35. „АНА“ од 2015 год.
36. „АЛЕКСАНДАР“ од 2015 год.
37. „ОЛГА“ од 2015 год.
38. „НАТАЛИЈА“ од 2015 год.
39. „ВЛАДИМИР“ од 2015 год.
40. „РАК“ од 2015 год.
41. „БЛИЗНАЦИ“ од 2015 год.

was adopted, until today, it has issued 54 coins. The following is a list of coins as can be found on the official website of the NBRM, namely coins for collection purposes:

1. “Happy Birthday”, 2019
2. “Artificial Intelligence”, 2019
3. “Business success and happiness”, 2019
4. “Sagittarius”, 2018
5. “Scorpio”, 2018
6. “Libra”, 2018
7. „St. Panteleimon “from 2018
8. „St. Sergij Radonezhski”, 2018
9. „St. Serafim Sarovski”, 2018
10. „St. Nikola Miraclemaker”, 2018
11. “Virgo”, 2018
12. “Lion”, 2018
13. “Cancer”, 2018
14. “Gemini”, 2018
15. “Taurus”, 2018
16. “Aries”, 2018
17. “Pisces”, 2018
18. “Aquarius”, 2018
19. “Capricorn”, 2018
20. “Wheel of Fortune”, 2018
21. “Faith, Hope, Love and their mother Sofia”, 2017
22. “50 years of the Macedonian Academy of Sciences and Arts”, 2017
23. “Russian Labyrinth”, 2017
24. “Year of the Dog - Rich Year of the Dog”, 2018
25. “Year of the Dog - Safe Year of the Dog”, 2018
26. Set: “TRIPTICH”, 2017
27. “HOLY MATRONA OF MOSCOW”, 2017
28. “MOTHER THERESA”, 2016
29. “CROW WITH ANGEL”, 2017
30. “VETROKAZ WITH CROW”, 2017
31. “SAINT NICHOLA THE MIRACULAR”, 2016
32. “VLADIMIRSKA”, 2016
33. “ELENA”, 2015
34. “DIMITAR”, 2015
35. “ANA”, 2015
36. “ALEXANDER”, 2015
37. “OLGA”, 2015
38. “NATALIA”, 2015
39. “VLADIMIR”, 2015
40. “CANCER”, 2015
41. “GEMINI”, 2015
42. “TAURUS”, 2015
43. “ARIES”, 2015
44. “FAITH, HOPE, LOVE AND THEIR

42. „БИК“ од 2015 год.
43. „ОВЕН“ од 2015 год.
44. „ВЕРА, НАДЕЖ, ЉУБОВ И МАЈКА ИМ СОФИЈА“ - 100 денари од 2014 год.
45. „РИБИ“ од 2015 год.
46. „ЈАРЕЦ“ од 2014 год.
47. „ВОДОЛИЈА“ од 2015 год.
48. „ДЕВИЦА“ од 2014 год.
49. „СТРЕЛЕЦ“ од 2014 год.
50. „СКОРПИЈА“ од 2014 год.
51. „ВАГА“ од 2014 год.
52. „ЛАВ“ од 2014 год.
53. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - 100 денари од 2014 год.
54. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - 1000 денари од 2014 год.

Од приложеното станува јасно дека колекционерските кованици на НБРМ се предоминантно хороскопски знаци и православни светци. Од православните светци доминираат оние значајни за Руската православна црква за сметка на традиционалните македонски светители (сл. 5). Која е причината за ваквата практика е интересно и значајно да се истражува. Можеби ваквата практика се должи на побарувачката на пазарот за колекционерски монети. Особено важен за напоменување е фактот дека од 2019 година наваму сите издадени колекционерски кованици се со натписи само на англиски јазик (сл. 6). Се разбира, покрај отсуството на македонскиот јазик на овие монети, отсуствува и Република Македонија, која е заменета со новото „уставно“ име. Она што треба да се каже е и дека НБРМ по сопствено изнаоѓање, без интервенција од Владата можела да издаде колекционерски кованици по повод значајни настани и личности од македонската историја, но не го сторила тоа. Се чини дека НБРМ несвесно решила тоа право да го остави на некои други народни банки.



Сл./Fig. 5



Сл./Fig. 6

## MEDALLION OF ZLATARA RUBIN - KARMIN, ON THE OCCASION OF 75 YEARS OF DEATH OF GOCE DELCHEV

MOTHER SOFIA” - 100 denars, 2014
45. “PISCES”, 2015
46. “CAPRICORN”, 2014
47. “AQUARIUS”, 2015
48. “VIRGO”, 2014
49. “SAGITTARIUS”, 2014
50. “SCORPIO”, 2014
51. “LIBRA”, 2014
52. “LION”, 2014
53. “CYRIL AND METHODIUS” - 100 denars, 2014
54. “CYRIL AND METHODIUS” - 1000 denars, 2014

It is clear that the collectors coins of the NBRM are predominantly zodiac signs and Orthodox saints. The Orthodox saints are dominated by those important to the Russian Orthodox Church, at the expense of the traditional Macedonian saints (Fig. 5). This is interesting and significant and the reason for this practice should be investigated. Perhaps the practice is due to the market demand for collector coins. Especially important to mention is the fact that from 2019 onwards all issued collector coins have inscriptions only in English (Fig. 6). Of course, in addition to the absence of the Macedonian language on these coins, the Republic of Macedonia is also absent, which has been replaced by the new “constitutional” name. What may be said is that the NBRM on its own, without the intervention of the Government, could have issued collector coins on the occasions of important events and on the personalities of Macedonian history, but did not do so. It seems that the NBRM unknowingly decided to leave that right to some other national banks.

## MEDALLION OF ZLATARA RUBIN - KARMIN, ON THE OCCASION OF 75 YEARS OF DEATH OF GOCE DELCHEV

The occupation devoted to the study and collection of tokens, plaques, medallions, and

Занимањето посветено на проучување и колекционирање жетони, плакети, медаљони и други монетообразни предмети кои не се пари, било кованици или хартиени, се вика паранумизматика (Jankowski 2015, 179). Таа е сродна со нумизматиката и многу често претставува нејзино продолжување, односно нејзина гранка. Жетон (од фран. jeton) претставува тркалезна монетообразна плочка што заменува пари во најразлични случаи, како хазардни игри, автомати за превоз, паркомати, кафемати, влезници и др. Од друга страна, медаљоните претставуваат предмети налик на монети, но немаат номинална вредност и најчесто служат за одбележување настан, особена посветеност или знак за членство.




Сл./Fig. 7

Во 1978 година по повод 75-годишнината од Илинденското востание и 75-годишнината од загинувањето на Гоце Делчев издадени се два златни и еден сребрен медаљон со негов лик.

Златниот медаљон има дијаметар од 28 мм, дебелина од 2мм, а тежок е 4,99 г. Изработен е од злато во техника на глодање од страна на „Златара Рубин – Кармин“ Скопје. На аверсот е прикажан портрет на Гоце Делчев околу кој е испишано ИЛИНДЕН 1903 – 1978 С.Р. МАКЕДОНИЈА •ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ • На реверсот има натпис „Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар на народите“ ГОЦЕ (сл. 7).




Сл./Fig. 8

Сребрениот медаљон со ист дизајн (сл. 8).




Сл./Fig. 9

Другиот златен медаљон има дијаметар од 20 мм, дебелина од 2мм, а тежок е 3,1 г. Изработен е од 21,6 каратно злато од страна на „Златара Рубин – Кармин“ Скопје. На аверсот е прикажан портрет на Гоце Делчев. Од лево на портретот пишува ГОЦЕ, а од десно 1903 – 1978. На реверсот има натпис „Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар на народите“ ГОЦЕ (сл. 9).

other non-monetary objects, whether minted or paper, is called paranumismatics (Jankowski 2015, 179). It is related to numismatics and it is consider to be its branch. A token (from French *jeton*) is a round coin-shaped plate that replaces money in various cases, such as gambling, slot machines, parking meters, coffee machines, tickets and more. Medallions, on the other hand, are coin-like objects but have no face value and are often used to mark an event, a special occasion, or a membership sign.

In 1978, on the occasion of the 75th anniversary of the Ilinden Uprising and of the 75th anniversary of the death of Goce Delchev, two gold and one silver medallion with his image were issued. One gold medallion has a diameter of 28 mm, a thickness of 2 mm, and weighs 4.99 g. It is made of gold in the milling technique by “Zlatara Rubin - Karmin” Skopje. The obverse shows a portrait of Goce Delchev around which is written ILINDEN 1903 - 1978 S.R. MACEDONIA • GOCE DELCEV • On the reverse there is an inscription “I understand the world only as a field for cultural competition of nations” GOCE (Fig. 7).

The silver medallion has the same design (Fig. 8).

The other medallion has a diameter of 20 mm, a thickness of 2 mm, and weighs 3.1 g. It is made of 21.6 carat gold by “Zlatara Rubin - Karmin” Skopje. A portrait of Goce Delchev is shown on the obverse. On the left of the portrait there is says GOCE and on the right 1903 - 1978. On the reverse there is an inscription “I understand the world only as a field for cultural competition of nations” GOCE (Fig. 9).

## МЕДАЛЈОН НА ЛЕВИЧАРСКИОТ ИНСТИТУТ „РАЦИН", ПО ПОВОД 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

Во 2022 година се навршија 150 години од раѓањето на Гоце Делчев. Како што беше дотука образложено, овој пат изостана официјално одбележување на оваа годишнина било со пригодна кованица или медаљон од страна на државата. Во отсуство на државна волја во Македонија за достоинствено одбележување на овој значаен датум, одговорноста за тоа падна во раце на одговорни граѓани и субјекти да се организираат и да остават белег во времето. Во таа смисла, од страна на Левичарскиот институт „Рацин" беше изготвен медаљон со ликот на Гоце Делчев.

Медаљонот е со дијаметар 35 мм и дебелина од 3 мм. Изработен е во леана техника од патиниран замак. Замакот е легура со ниска точка на топење од 480°. За леењето се користи специјален калап од гума отпорна на високи температури. По леењето медаљонот се потопува во хемиски кади каде што се бои. Медаљонот е изработен од ковачница „Пехар" според дизајнот на Весна Кирациева. Првично се излеани 150 парчиња, а подоцна е изработена дополнителна партида од уште 300 парчиња за вкупен тираж од 450 медаљони.




Сл./Fig. 10

Во централното поле на аверсот на медаљонот е позиционирана силуета од ликот на Гоце Делчев. Циркуларно во горниот дел на полето стои испишано 150 ГОДИНИ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, додека циркуларно во долниот дел на полето е испишано МАКЕДОНИЈА 1972 - 2022. На реверсот на монетата, во централното поле стои стилизирана петокрака, во чиј центар е испишано МАКЕДОНСКА КАУЗА. Циркуларно, одвоено со две петокраки пишува ЛЕВИЧАРСКИ ИНСТИТУТ РАЦИН (сл. 10).

## КОЛЕКЦИОНЕРСКА КОВАНА ПАРА ПО ПОВОД 150 ГОДИНИ ОД РАЃАЊЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ВО ИЗДАНИЕ НА БУГАРСКАТА НАРОДНА БАНКА

Соседна Бугарија официјално го негира постоењето посебен македонскиот идентитет, јазик и култура, и ја присвојува македонската историја.

## MEDALLION OF THE LEFTIST INSTITUTE "RACIN", ON THE OCCASION OF 150 YEARS SINCE THE BIRTH OF GOCE DELCHEV

The year 2022, marks the 150th anniversary of the birth of Goce Delchev. As we mentioned, this time there was no official celebration of this anniversary, either with a jubilee coin or medallion by the state via NBRM. In the absence of State will in Macedonia for a dignified celebration of this important date, the responsibility for it fell into the hands of responsible citizens and entities, to organize themselves and leave a mark in time. In that way, a token with the image of Goce Delchev was prepared by the Leftist Institute "Racin".

The medallion has a diameter of 35 mm and a thickness of 3 mm. It is made in a cast technique from a patinated zamac alloy. Zamac is an alloy with a low melting point of 480°. A special rubber mold resistant to high temperatures is used for casting. After casting, the medallion is immersed in chemical tubs where it is dyed. The medallion is made by the mint "Pehar" according to the design of Vesna Kiradzieva. Initially, 150 pieces were cast, and later an additional batch of another 300 pieces was made for a total circulation of 450 medallions.

In the central field of the obverse of the medallion is a silhouette of the image of Goce Delchev. In the upper part of the field there is a circular inscription 150 ГОДИНИ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (YEARS GOCE DELCHEV), while in the lower part of the field МАКЕДОНИЈА (MACEDONIA) 1972 - 2022. On the reverse of the coin, in the central field there is a stylized five-pointed star, in the center of which is written МАКЕДОНСКА КАУЗА (MACEDONIAN CAUSE). On the outer edge circularly, separated by two five-pointed stars it says ЛЕВИЧАРСКИ ИНСТИТУТ РАЦИН (LEFTIST INSTITUTE RACIN) (Fig. 10).

## COLLECTOR COINS ON THE OCCASION OF 150 YEARS SINCE THE BIRTH OF GOCE DELCHEV ISSUED BY THE BULGARIAN NATIONAL BANK

Neighboring Bulgaria officially denies existence of separate Macedonian identity, language and culture and appropriates Macedonian history.[4] Thus,

Така, од страна на Бугарската народна банка (БНБ) беше издадена сребрена пригодна кованица со ликот на Гоце Делчев. Од 17 до 19 јануари 2022 година таа беше пуштена во оптек. Номиналната вредност на кованицата е 10 бугарски лева. Изработена е со висок квалитет во мат-гланц завршница од сребро со чистота 999/1000. Дијаметарот на кованицата е 38,61 мм а тежината 23,33 грама. Искована е во тираж од 3.000 парчиња од страна на Монетен двор ЕАД на БНБ во Софија (сл. 10). Дизајнот на кованицата е дело на Пламен Чернев и Преслав Чернев. Цената на монетата е 108 лева.



Сл./Fig. 11

На аверсот на монетата се претставени следните елементи: амблемот БНБ со годината „1879“ на лентата; во полукруг горе натпис „БЪЛГАРСКА НАРОДНА БАНКА“, а долу номиналната вредност „10 лева“ и годината на издавање „2022“ (сл. 11).

На реверсот на монетата е претставен ликот на Гоце Делчев; од страна на портретот стои натпис „150 ГОДИНИ“, а одозгора во полукруг „ОТ РАЖДАНЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ (сл. 10).

Како промотивен материјал за пригодната пара БНБ издава и леток и презентација со кои се обидува да се прикаже делото на Делчев како нераскинлив дел од бугарското ослободително движење и државотворење.

## ЗАКЛУЧОК

Во Македонија постои практика на издавање пригодни и колекционерски пари. За жал, оваа практика е недоволно користена и се развива во несоодветен правец. Јасно е и дека ниедна влада по 2004 година не пројавила интерес и волја да ја разбере моќноста на пораката што ја носат ваквите кованици. Огромното богатство на монети од сите историски епохи се одличен предуслов за создавање разгрането и издржано монетоковање во насока на промоција на државниот интерес. Народната банка своето право за издавање колекционерски кованици го користи сосема несоодветно и надвор од логиката за институција што носи име Народна, особено со необележување на 150-годишнината од раѓањето на централниот херој во националниот Пантеон, Гоце Делчев. Поблизок поглед на општата политика на

the Bulgarian National Bank (BNB) issued a silver jubilee coin with the image of Goce Delchev. From 17 to 19 January 2022 it was put into circulation. The face value of the coin is 10 Bulgarian leva. It is made with high quality in matte-gloss silver finish with purity 999/1000. The diameter of the coin is 38.61 mm and the weight is 23.33 grams. It was minted in a circulation of 3,000 pieces by the EAD Moneten Dvor of the BNB in Sofia (Fig. 10). The design of the coin is the work of Plamen and Preslav Chernev. The price of the coin is 108 leva.

The obverse of the coin presents the following elements: the BNB emblem with the year “1879” on the ribbon; in a semicircle above, the inscription “БЪЛГАРСКА НАРОДНА БАНКА (BULGARIAN NATIONAL BANK)”, and below the nominal value “10 leva” and the year of issue “2022” (Fig. 11).

The reverse of the coin depicts the image of Goce Delchev; on the side of the portrait there is an inscription “150 ГОДИНИ (YEARS)”, and on top in a semicircle “ОТ РАЖДАНЕТО НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ (FROM THE BIRTH OF GOCE DELCEV)” (Fig. 10).

As a promotional material for the occasion, BNB issues a leaflet and a presentation that tries to present Delchev’s work as an inseparable part of the Bulgarian liberation movement and state-building.

## CONCLUSION

In Macedonia there is a practice of issuing jubilee and collectors coins. Unfortunately, this practice is insufficiently adhered to and is developing in an inappropriate direction. It is also clear that no government since 2004 has shown interest and willingness to understand the power of the message conveyed by such coins. The huge wealth of coins from all historical epochs are an excellent precondition for creating a branched and sustainable coinage in order to promote the State interest. The National Bank uses its right to issue collector coins completely inappropriately and outside the logic of an institution named National, especially failing to mark the 150th anniversary of the birth of the central hero in the national Pantheon, Goce Delchev. A closer look in the general policy of NBRM and the state shows that this is the result of

НБРМ и државата покажува дека тоа во најдобар случај е резултат на силна самоцензура. Од друга страна, тоа се случува во екот на конфликтот меѓу Македонија и Бугарија за неговата националност и со тоа се остава иницијативата на Бугарија да ги зајакне нивните историски перцепции во нивното општество за да ги оправдаат своите апетити во однос на Македонија и Македонците и да ја обвини Македонија дека ги злоупотребува и фалсификува сопствените македонски историски теми. Дополнително во отсуство на државна иницијатива на ова поле, јавноста е таа која врз себе го презема товарот за издавање пригодни медалјони со цел да се остави трага во историјата и во свеста на поколенијата што доаѓаат.

a strong self-censorship at best. On the other hand, this is happening in the peak of the conflict between Macedonia and Bulgaria on Delchev nationality and thus leaving the initiative to Bulgaria to strengthen their historical perceptions in their societies in order to justify their appetites in relation to Macedonia and the Macedonians. And to accuse Macedonia of abusing and falsifying its own Macedonian historical themes. Additionally, in the absence of a State initiative in this field, it is the public that bears the burden of issuing appropriate medallions in order to leave a trace in history and in the consciousness of the generations to come.



## БЕЛЕШКИ • NOTES

1 Goce Delchev (4 February 1872 – 4 May 1903), was an important Macedonian revolutionary active in the Ottoman-ruled Macedonia as the most prominent leader of what is known today as the Internal Macedonian Revolutionary Organization (IMRO). Delchev is considered as the key person in the Macedonian struggle for independence, and is mentioned, as the first in the list of other revolutionary from the same period in the national Anthem.

2 Антифашистичко собрание за народно ослободување на Македонија (АСНОМ) (The Anti-fascist Assembly for the National Liberation of Macedonia) was the supreme legislative and executive people's representative body of the Democratic Federal Macedonia from August 1944 until the end of World War II. That occurred clandestinely on the liberated territories from the Bulgarian occupation zone of Yugoslavia.

3 Blazhe Koneski (19 December 1921 – 7 December 1993) was a Macedonian poet, writer, literary translator, and linguistic scholar. His major contribution was to the codification of standard Macedonian. He is the key figure who shaped Macedonian literature and intellectual life in the country. He was one of the editors of Macedonian Dictionary

4 Although Bulgaria was the first country to recognize the independence of the Republic of Macedonia, on January 15, 1992, refuses to recognize the reality: the existence of a separate ethnic Macedonian nation and a separate Macedonian language. It argues that the ethnic Macedonians are a subgroup of the Bulgarian nation, and that the Macedonian language is a Bulgarian dialect. Also that Macedonian history is part of Bulgarian history and that all national heroes prior to 1944 were actually Bulgarians striving for liberation and unification with Bulgaria, including Goce Delchev.

## БИБЛИОГРАФИЈА • BIBLIOGRAPHY


(Службен 11/95) Закон за пригодни ковани пари, Службен весник бр. 11/95

(Службен 158/10) Закон за Народната банка на Република Македонија, Службен весник бр. 158/10

(Службен 14/11) Одлука за утврдување на начинот на пресметка на продажната цена на пригодните ковани пари, Службен весник 14/11

(Службен 123/12) Закон за дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, Службен весник бр. 123/12

Allan et all, John, Sutherland, Carol Humphrey Vivian, Avila-Martel, Alamiro de, Stern, Samuel Miklos, Sellwood, David Grenville John and Breen, Walter Henry. „coin“. Encyclopedia Britannica, 18 Feb. 2019, https://www.britannica.com/topic/coin. Accessed 28 April 2022

Jankowski, Lyce (2015). Studying coin related objects and redefining paranumismatics. XV International Numismatic Congress Taormina 2015, Sep 2015, Taormina, Italy. ffhal-02302387f

Sayles, Wayne G. „coin collecting“. Encyclopedia Britannica, 22 Oct. 2009, https://www.britannica.com/topic/coin-collecting. Accessed 28 April 2022.

Hristovska, Katerina (2012), Macedonian Banknotes and Coins 1992 – 2012, Skopje,

Šeldarov, N. (2003), Македонија и Пајонија: Колекција Шелдаров / *Macedonia and Paeonia.:* Šeldarov *Collection*, Skopje.

Павловска Е., Хаџи-Манева М., Христовска Е.(2012), *Парите и паричните системи во Македонија*, Скопје: НБРМ, 2012.

Pavlovska, Eftimija (2008) Монетите на Пајонија од Нумизматичката збирка на НБРМ, / The Coins of *Paeonia from the Numismatic Collection of NBRM*, Skopje